# ИДНИНАТА СЕГА!

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА



## ДИМЕ ВЕЛКОВСКИ ЗА АЕРОДРОМ

# ВРЕМЕ Е!

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА

СЕКОЈ ИМА ПРАВО НА ПОДОБРО УТРЕ.
СЕКОЈ ОД НАС ОДЛУЧУВА ВО КАКВА ДРЖАВА ЌЕ ЖИВЕЕ.
ВРЕМЕ Е ДА ГО НАПРАВИМЕ ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР.

Почитувани сограѓани,

Време е да ја земеме нашата иднина и иднината на нашата општина во свои раце. Да се биде градоначалник на најголемата општина во Скопје е истовремено чест и одговорност. Чест ми е што препознавајќи ги резултатите од моето работење ми овозможивте прилика да ја поднесам мојата кандидатура. Одговорноста е голема, предизвикот уште поголем. Аеродром е нашиот заеднички дом кој мора да прерасне во поубава, побезбедна и похумана општина.

Изминативе осум години сведоци сме на недомаќинско и неодговорно трошење на нашите пари на сметка на евтина шминка која е неколкукратно платена и преплатена. Приоритетите се целосно изместени. За актуелната локална власт поважни беа споменициите, фонтаните и езерата отколку градинките, училиштата, улиците, безбедноста на граѓаните, социјалната сигурност и загадувањето на околината. Никој од нас не заслужува да живее во општина во која вистинските приоритети се ставени на последно место. Крајно време е со здружени сили овие работи да ги промениме.

Гордо стоиме исправени пред големиот предизвик - овој дел од градот да го претвориме во современа развиена европска општина, со повисок стандард на урбано живеење во сите нејзини делови, општина побезбедна за живот, чиста и препознатлива по нејзините еколошки стандарди. Отворањето на нови работни места преку поттикнувањето на локалниот економски развој и континуираната грижа за социјално ранливите категории секогаш ќе бидат меѓу врвните приоритети на нашата општина. Накратко, секој од нас со гордост ќе може да го чувствува Аеродром како свој дом.

Она што мораме сите заедно храбро и одлучно да го направиме е признавањето на фактот дека имаме обврски кон себе, кон своите деца и идните генерации, обврски кои ги преземаме со ентузијазам, со цврсто убедување дека ништо во толкава мера не го исполнува нашиот дух и го одредува нашиот карактер, како сознанието дека сме дале сѐ од себе за да се соочиме со големиот предизвик.

Програмата која Ви ја претставувам не е програма на празни ветувања која служи за предизборна пресметка со политичкиот

конкурент. Ова е програма која е создадена според Вашите реални потреби и реалните можности на локалната самоуправа. Заедно ја пишувавме, заедно ја создававме, заедно и ќе ја реализираме.

Доста ни е од празни ветувања. Доста ни е од изместени приоритети. Време е да ја земеме судбината во свои раце. Време е за промени.

Ја барам Вашата поддршка искрено, чесно и одговорно да ја вратиме Општината на вистинскиот пат. Време е Општина Аеродром повторно да биде општина во која ќе се живее срећно и удобно, општина во која ќе се ценат стручноста, креативноста и ефикасноста, а напредокот и перспективата ќе бидат императив.

Заедно сме посилни и само така можеме да се избориме за нашата заедничка цел

Иднината сега! Време е!

Искрено Ваш,

Диме Велковски

# Инфраструктура

## Гасификација

Гасификацијата ќе биде еден од приоритетите за реализацијата во наредните четири години. Истиот првично ќе им се понуди на стопанските субјекти (фирмите кои веќе имаат производствени капацитети), како и на оние кои имаат план да инвестираат во индустриската зона. Поволното од овој проект е поврзана пред сѐ со близината на гасоводната мрежа, лоцирана во близина на Драчево.

Проектот ќе се реализира во три фази и тоа:

Прва фаза -Во текот на 2013 година, ќе се распишат јавни огласи за  изработка на потребната документација за проектот и  за изведба на истиот

Втора фаза- До 2015 година ќе се реализира гасификацијата на јавните институции при што ќе бидат опфатени  11 градинки, 8 основни училишта, 3 средни училишта (во соработка со град Скопје), и можност за поврзување на индустриските и стопански капацитети лоцирани во општината.

Трета фаза- Во 2016 година ќе се отпочне со реализација на примарната инсталација на гасоводната мрежа наменета за индустриски објектите со помал капацитет и за индивидуалните и колективни објекти за домување.. Со реализацијата на овој проект на граѓаните на општина Аеродром ќе им биде понуден нов и поевтин начин за затоплување.к

## Енергетска ефикасност

Енергетски ефикасна општина е предуслов за одржлив економски развој на општината како и нејзината иднина. Со постигнувањето на посакуваната енергетска ефикасност значително ќе се овозможи подобар квалитет и стандард на живеење на граѓаните. Ќе се намалат трошоците на граѓаните и ќе се растерети семејниот буџет.

Општината во соработка со заедниците на станари ќе кофинансира  50% од вредноста на проектот, а останатите 50%  станарите и тоа при: поставување на термо фасади на старите згради, замена на старите покриви со нови (со посебен

осврт на покривите од  азбестен материјал), поставување соларни панели и користење на сончевата енергија за осветлување на влезовите и дворните места на објектите за колективно домување, вградување на сопствена централа во колективните станбени објекти за напојување на заедничката потрошувачка;

Дополнително, ќе пристапиме кон замена на старите светилки по улиците, паркинзите, јавните установи (во надлежност на општината), со нови (ЛЕД технологија);

Советот на општината со одлука ќе воведе сертификат за категоризација на станбени објекти според потрошувачката на енергија по квадратен метар.

## Осветлување

***Проблем:***

На територијата на општина Аеродром со децении не е извршена обнова на уличното осветлување. Жителите на одредени делови на општината немаат уличното осветлување или за да стигнат до своите домови треба да поминат низ неосветлен простор.

***Решение:***

- Обнова на уличното осветлување во:

населба Лисиче, на улиците: Митре Влаот, Илија Димовски, Мите Богоевски, Ѓуро Малешевац, Зборско, Ернест Телман, Дете Датуличе, Црноризец Храбар, Аврора, Сирма војвода, Михаил Чаков, Буковиќ, Детелин Војвода, Димитар Македонски, Димитар Туриманџовски, Ван Гог, Јован Кукузел, Жорж Бизе.

- Поставување на нови линии за јавно осветлување

Горно Лисиче, на улиците: Божин Николов, Горновրановска,  Василие Ѓурковиќ, на улица Лисец пред и после пругата,  Тодор Чангов, Ѓорѓи Капчев и на дел улицата Горно Лисиче;

Долно Лисиче, на улиците: Маршал Тито,  улица 1, улица  2, улица 10, и улица 20;

јавната зелена површина во населба Јане Сандански;

јавна зелена површина во Ново Лисиче;

на дел од населба 13 Ноември;

на дел ул. Бојмија;

улицата која го поврзува Реонски центар со населба Лисиче покрај фудбалското игралиште.

## Водовод и канализација

Изградба и обнова на системот за водоснабдување (водоводна мрежа) во Горно Лисиче и Долно Лисиче.

Изградба на фекална канализација во Долно Лисиче и населба Лисиче;

Изградба на атмосферска канализација во Тодор Чангов, Горно Лисиче, Долно Лисиче и дел од бул. III македонска бригада;

Довршување на атмосферската канализација во населбите во Стар Аеродром и Лисиче.

## Урбанизам

Согласно законската регулатива, имаме визија за плански развоен процес, со кој општина Аеродром ќе ја направиме урбана заедница, со високи европски стандарди:

- ќе формираме совети на урбаните единици, во присуство на советниците од Советот на општина Аеродром, советите на урбаните единици ќе одржуваат состаноци неколку пати во годината, на кои ќе се дефинираат приоритетите од областа на урбанизмот;

- континуирано ќе се информирање за мислењето и потребите на граѓаните;

- ќе реализираме средби со жителите, пред донесување на програмите за развој на општината и донесувањето на буџетот;

- ќе воспоставиме отворени денови во Општината каде секој жител на општината во директен контакт со градоначалникот би добил информација за неговиот проблем.

- Поправка на тротоари

***Проблем:***

Со децении, на одредени улици недостасуваат тротоари, ниту пак онаму каде што постојат не се одржувани улиците и тротоарите на територијата на општината Аеродром.

***Решение 1:***

Изградба на тротоари и пешачки патеки и тоа:

- десната страна на бул. Србија во правец кон мостот близнак;

- бул. АВНОЈ (АСНОМ), од десната страна во правец од спортската сала на МЗТ до свртлиште на последна автобуска станица на автобусите на ЈСП;

- бул. III-та Македонска бригада;

- ул. Коста Новаковиќ;

- ул. Маршал Тито во с. Долно Лисиче;

- ул. Васко Карангелески, со посебен осврт на делот во непосредна близина на училиштето Љубен Лапе.

***Решение 2:***

Одржување и обнова на улиците и тротоарите во:

- стар Аеродром: ул. Ангел Димовски;

- населба Лисиче: улиците Митре Влаот, Илија Димовски, Мите Богоевски, Ѓуро Малешевац, Зборско, Ернест Телман, Дете Датуличе, Црноризец Храбар, Аврора, Сирма војвода, Михаил Чаков, Буковиќ, Детелин Војвода, Димитар Македонски, Димитар Туриманџовски, Ван Гог, Јован Кукузел, Жорж Бизе;

- Горно Лисиче: улиците Божин Николов, Тодор Чангов, Ѓорѓи Капчев, Горноврановска, Лисец, Василие Ѓуровиќ;

Долно Лисиче: Улица 1.

- Зелени катчиња

***Проблем:***

Сведоци сме дека на територијата на општината се уште постојат зелени неуредени површини кои претставуваат грда слика за околината, а веќе постоечките зелени површини се запуштени и нередовно се одржуваат. Посебно грда е сликата во летните месеци, поради немање систем на наводнување, целосно се уништува блоковското зеленило низ општината, како и зеленилото покрај булеварите и сервисните улици.

***Решение:***

За да ја промениме оваа слика во општината во нашата програма ги планираме следните проекти:

- уредување на запуштените  и неуредени површини;

- изградба на паркови за домашни миленичиња, соодветно уредени, со можност за реализација на разни содржини, поврзани со нив (продавници за миленичиња, салони за разубавување)

- насадување на нови 3 000 дрвца (и нови дрвореди) на територијата на општината;

- насадување цвеќиња и ниско хортикултурно насадување покрај булеварите и другите јавни површини;

- систем за наводнување на блоковското зеленило Јане Сандански;

- систем за наводнување на блоковското зеленило 13 Ноември;

- систем за наводнување на блоковското зеленило Видое Смилевски - Бато;

- систем за наводнување на блоковското зеленило Ново Лисиче;

- систем за наводнување на блоковското зеленило Васко Карангелески;

# Сообраќај

Досега никој не посветуваше внимание како подобро да ја реши безбедноста во сообраќајот и да се отстранат црните точки во општината. Во таа насока планираме да пристапиме кон изградба на надвозен пешачки премин кај ТЦ Бисер кој ќе ги поврзува двете страни, но континуирано да ја одржуваме на старата и поставување нова патна сигнализација;

- Изградба, пробивање и асфалтирање на улици

***Проблем:***

Со изградбата и урбанизацијата на општината Аеродром предвидени се повеќе ново проектирани улици кои до денес не се изградени и асфалтирани. Исто така во досегашната урбанизација пропуштени се и не се изградени сообраќајници со кои Општината Аеродром ќе се поврзе со соседните општини на повеќе локации. Со изградбата, асфалтирањето и реконструкцијата на истите ќе се затвори процесот на урбанизацијата и ќе олесни комуникацијата во одредени делови на општината.

***Решение:***

Во периодот 2013 – 2017 ќе ги изградиме и реконструираме:

- ново проектираната улица помеѓу Реонски центар и населба Лисиче од бул. Србија до ново проектираниот бул. Февруарски поход во должина од 800 метри;

- сервисните улици во Реонски центар;

- поврзување на улицата Илија Димовски со ново проектираната улица во Реонски центар во должина од 80 метри;

- продолжување на ново проектираната улица која поминува покрај Раде Кончар (сегашен објект BLIZOO) до железничката пруга, во должина од 800 метри, при што ќе се овозможи поврзување со бул. Борис Трајковски (поранешна ул. Првомајска);

- проширување и довршување на бул. III-та Македонска бригада, во должина од 2,4 км.

- продолжување на бул. АСНОМ, од делот кој се вкрстува со бул. Февруарски поход, во должина од 600 метри;

- сервисни улица за потребите на ново изградениот фудбалски комплекс кај куќата на фудбалот во Ново Лисиче;

- сервисни улици во УЕ А Горно Лисиче (новоизградени згради после Ново Лисиче);

- продолжување и доизградување на бул. Февруарски поход, од вкрстувањето со бул. Видое Смилевски - Бато до бул. III-та Македонска бригада во должина од 1000 метри;

- преасфалтирање на улицата Фрањо Клуз.

- Паркинзи

***Проблем:***

Еден од најголемите проблеми е обезбедувањето на паркинг места на територијата на општината. Притоа треба да се има на ум дека постоечките паркинзи се запуштени нередовно одржувани, полни со дупки и поголем дел од местата наменети за паркирање во урбаниот дел се опфатени со зонско паркирање при што само на дел од жителите на општина Аеродром се ослободени од плаќање, а поголемиот дел од средствата се обезбедуваат од буџетот на општината или од џебот на сите жители на општината. Во Општина Аеродром нема обезбеден простор за паркирање на велосипедите со што граѓаните се оставени да се снаоѓаат самите, каде ќе го оставаат својот велосипед.

***Решение:***

За надминување на оваа состојба ги планираме следните проекти:

- Бесплатно зонско паркирање за сите жители на општина Аеродром.

- Изградба на паркинг простор на повеќе локации во општината, и тоа кај куќата на фудбалот во Ново Лисиче; Реонски центар; спортската сала МЗТ; Острово; Горно Лисиче УЕ А – новите градби;

- Изградба на монтажен паркинг простор во населба Јане Сандански;

- Изградба на монтажен паркинг простор зад пазарчето во ТЦ Бисер;

- Изградба на монтажен паркинг простор во стар Аеродром;

- Изградба на монтажен паркинг простор во Ново Лисиче - бул. Февруарски поход;

- Проширување,  редовно  одржување и обнова на паркинзите на територијата на општина Аеродром.

- Поставување на покриени паркинг места за велосипеди, на сите фреквентни места во општината (трговски центри, велосипедски патеки, базен, дом на култура, училишта, паркови, библиотека и др.)

## Пазари

Изградба на модерен покриен пазар кој ќе ги задоволи потребите на жителите на општината, лоциран во Реонски центар;

# Инвестиции и економски развој

## Капитални инвестиции

***Општинска зграда***

Општинска зграда во која освен делот за администрацијата ќе има и повеќенаменска сала (за состаноци, за венчавање итн.) и мултифункционален плоштад пред општинската зградата. Инвестиција ќе биде решена со јавно - приватно партнерство.

***Детски градинки***

Социјализација во здрава и стимулативна средина на најмладата популација ќе биде наша базична обврска. Поради важноста на овој период од човековиот живот во поглед на социјализацијата, моралниот, интелектуалниот и психо - физичкиот развој нашите заложби ќе бидат насочени кон изнаоѓање на решенија преку кои што поголем број деца ќе се најдат во некоја форма на предучилишно воспитание.

Затоа општината ќе инвестира во:

- нова детска градинка во УЕ Црква Б – Стар Аеродром ,со капацитет од 200 деца;

- нова детска градинка во Мичурин со капацитет од 200 деца;

- реконструкција и подобрување на условите во постоечките градинки (реконструкција на крововите, замена на прозорците, реконструкција на санитарните јазли, реконструкција на кујните, обнова на инвентарот и набавка на нови технички помагала потребни за реализацијата на воспитната програма);

## Економски развој

Иако по бројот на жители, околу 90.000, Општина Аеродром е една од најголемите општини, не може да се каже дека е меѓу најразвиените во поглед на економската

развиеност и распространетоста на индустриски капацитети. Поради отсуство на солидни индустриски капацитети, бројот на невработени лица е голем.

Нашата цел е општина Аеродром да прерасне во економска зона, во која ќе доминираат дејностите во кои се користи високостручен потенцијал, современи технологии и решенија. Економскиот развој ќе го насочиме кон поттикнување на инвестирањето во индустриски капацитети од различни индустриски гранки, развој на трговската дејност и унапредување на земјоделството во руралниот дел. Општина Аеродром  ќе стане седиште на стопански субјекти. Инвестициите ќе бидат остварени со привлекување на домашни и странски инвеститори преку развојот на јавно-приватното партнерство со што ќе се отворат нови работни места.

Обезбедување на поволна бизнис клима, вложување во инфраструктура, кадровска екипираност, обезбедување на евтини енергенси и поволни услови за развој на индустријата се светски и наши приоритети, со кои компаниите ќе си ја подобрат конкурентноста на пазарот,  а со тоа ќе се подобри и стандардот на граѓаните.

Овие цели планираме да ги оствариме преку:

- проширување на индустриската зона на потегот Горно – Долно Лисиче која треба да понуди потенцијал за нови, и проширување на веќе постоечки компании преку подобрување на инфраструктурата (проширување на патот, гасификација, електрична, водоводна и канализациона мрежа).

***Привлекување на инвеститори во општината***

Заради привлекување на инвеститори ќе спроведеме низа активности, кои ќе ги опфатат фирмите и регистрираните поединци со седиште во општината:

- ќе создадеме капацитети за самостојно управување со државното неизградено земјиште;

- Советот на општината ќе донесе одлука со која на поголемите инвеститори ќе им се овозможи плаќање на комуналиите на рати;

- ќе понудиме низа погодности за инвеститорите при купување на земјиштето

- ќе намалиме одредени такси при добивање или вадење на документација за која е надлежна општината,

- ќе обезбедиме помош при креирањето на проектот за изработка на објектот, како и во текот на изградбата на објектот;

- понуда и на работна сила за чиешто ангажирање ќе бидат понудени дополнителни пакети во поглед на обврските  кон државата и финансирање доколку има потреба од доквалификација/преквалификација (курсеви за изучување на странски јазици, работа со компјутери...);

- подготовка на пропаганден материјал за погодностите за инвестирање во општината и запознавање со бенефициите кои им ги нудиме;

- ќе формираме канцеларија во општината која ќе ги следи актуелните трендови во економијата. Канцеларијата ќе има задача да ги промовира фирмите од територијата на општината преку објавување на интернет, при соработката со другите општини во државата и во странство и  преку светските саеми;

- ќе формираме тело за економски развој кое ќе дава поддршка на бизнис секторот и ќе соработува со научните институции во државата;

- ќе обезбедиме техничка поддршка на граѓаните при аплицирањето за добивање, дозволи, финансиски средства или друг облик на услуга.

***Поддршка за развој на малите и средни претпријатија и микро бизниси***

- ќе формираме „Business Start UP Center“ за логистичка, материјална и кадровска поддршка на фирмите во првите пет години од нивното постоење;

- ќе ја разгледаме можноста, во соработка со јавното претпријатие за стопанисување со станбен и  деловен простор, општината да отплаќа целосна или делумна сума од закупениот простор одреден период;

- ќе организираме курсеви за маркетинг вештини;

- ќе ги промовираме малите и средните бизниси со седиште во општината преку веб страница на општината;

- ќе понудиме кредитни информации за бизнисите, предност би имале бизнисите што се минимално застапени во општината како и новите бизнис проекти предложени од штотуку дипломирани студенти;

- ќе инвестираме во современи технологии и знаења преку помагање на фирмите за учество на саеми и обуки кои се организираат во земјата и странство;

- ќе поддржиме бизниси што се минимално застапени во општината како и новите бизнис проекти предложени од штотуку дипломирани студенти;

- ќе инвестираме во современи технологии и знаења преку помагање на фирмите за учество на саеми и обуки кои се организираат во странство и

***Отворање и работа на времените објекти - трафики***

Одредување и уредување на времени локации за поддршка на малиот бизнис. Со цел обезбедување на поволни услови за работа и развој на микро бизнисот општината ќе инвестира во уредување и изградба на локации со типизирани објекти. Цената за користење на локацијата и објектот ќе биде одредена според пазарните вредности.

***Поддршка и развој на занаетчиството***

Современите текови и индустријализацијата придонесоа занаетчиството, кое на овие простори има вековна традиција полека да одумира. Се помал број на млади луѓе својата егзистенција ја бараат во оваа значајна дејност. Со цел да се врати интересот за таа дејност, да се зголеми профитабилноста на занаетите и да се оствари можност за нови вработувања, на идните занаетчии ќе им понудиме:

- намалени даноци и такси за сите занаетчиите кои ќе отворат дуќани во општината;

- можност за стимулирање на инвентивноста и креативноста на занаетчиите за збогатување на понудата и со сувенири кои ќе станат „brend“, на општината.

## Подобри услуги за граѓаните

### Јавен превоз

Поставување на нови автобуски постојки низ цела општина Аеродром (во соработка со Град Скопје) во кои ќе има: простор за седење, дигитални информативни табли за возниот ред, безжичен интернет.

# Квалитетен живот

## Екологија и зеленило

***Проблем:***

Контејнерите најчесто се лоцирани на сообраќајниците, ѓубрето околу истите и неподносливата миризба во нивната околина директно го загрозуваат здравјето на луѓето и безбедноста во сообраќајот.

***Решение:***

Поставување на нови контејнери (во објектите кои се во надлежност на општината), вкопани во земјата по ЕУ стандарди, како и оставување на контејнери за селектирање на отпад.

***Проблем:***

Општина Аеродром спаѓа во редот на општините кои имаат висок процент на загаденост. Еколошки чиста и здрава општина, која ќе влијае на развојот на еколошката свест кај граѓаните ќе биде наш приоритет.

***Решение:***

Во мандатниот период континуирано ќе се залагаме за:

- подигање на јавната свест и совест на жителите на општината Аеродром;

- поврзување со надлежните институции за размена на информации од областа на екологијата;

- воспоставување на локална мрежа од мерни станици и поставување на дисплеи табли на јавни места (ТЦ Бисер, ТЦ Три Бисери,ТЦ Скопјанка, Реонски Центар, ТЦ Населба Лисиче и ОУ Гоце Делчев во Горно Лисиче), преку кои јавноста постојано ќе се информирана за загадувањето во општината;

- воспоставување на соработка со невладините организации носители на кампањи за заштита на животната средина и подигнување на јавната свест кај граѓаните;

- воведување регистар на загадувачи со отпадни опасни и штетни материи, заради целосна и ефикасна контрола на загадувањето на животната средина;

## Образование

Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им дава можност на децата, младите и возрасните критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и социјалниот развој во општината.

За таа цел, наш приоритет ќе биде обезбедувањето на квалитетни услови за работа, обезбедување на современи наставни и технички помагала, вработување на соодветен наставен кадар, зајакнување на системот за професионално усовршување на постојниот наставен кадар и надминување на проблемите со физичката достапност до и во образовните установи.

Градоначалникот на општина Аеродром, заедно со Советот на општината ќе се залага за континуирано одржување и реновирање на училишните објекти, опрема и средства. Решението ќе се спроведе преку преземање на повеќе активности:

- осветлување на училишни дворови и пристапите до училиштата ;

- обезбедување на пристап за лицата со посебни потреби до и во образовните установи;

- обезбедување на бесплатен училиштен прибор за сите ученици.

- целосна грижа за безбедноста во училиштата и градинките со средства од буџетот на општината;

- обезбедување на средства за целодневен престој на учениците во училиштата до деветгодишното образование на учениците;

- избор на најдобро училиште и обезбедување награда;

- обезбедување на средства за едукација и професионален развој на наставниот кадар кои ќе бидат во согласност со практичните потреби на наставниците;

- проширување на стручните служби со дефектолог, со цел реализирање на квалитетно инклузивно образование;

- враќање на дигнитетот на наставничката професија;

- можност за професионален развој и професионална ориентација на учениците.

*Образование за деца со посебни потреби*

Општина Аеродром, и покрај законската обврска, до сега немаше обезбедено соодветни услови во основните училиштата за децата со посебни образовни потреби. За застапеноста на оваа категорија не постои никаков увид. Не постои соработка со заедницата и со невладиниот сектор, за помош на овие деца. Редовноста и успехот на децата од ранливите групи не се следи посебно, заради што и не постојат посебни стратегии за интервенција кога се работи за децата - припадници на овие групи. Ќе овозможиме еднаква достапност и вклученост на сите деца во училиште (без оглед на нивното потекло или способности). За таа цел ќе обезбедиме:

- лицата со инвалидност да имаат пристап до инклузивно, квалитетно, бесплатно и задолжително основно и средно образование, на еднаква основа со другите, во своето место на живеење ;

- развивање на програми за вклучување на децата во образовниот систем, вклучувајќи го и предучилишното образование;

- обука на наставниот кадар, директорите и стручните соработници за поддршка и спроведување на инклузивното образование;

- задолжително вклучување на дефектолози и логопеди во редовниот систем на образованието како и во одделенијата за образование во локалната самоуправа;

- обезбедување соодветни нагледни и технички средства за квалитетно образование;

- учениците со посебни образовни потреби ќе добиваат бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до основното училиште;

- обезбедување на заштита од економска експлоатација и работа која го попречува образованието;

- безбедување на пристапни средини.

***Талентирани/Надарени***

Посебно внимание ќе посветиме на учениците кои покажуваат посебна надареност или талент кон одредена област. Целта ќе биде во образовна смисла подучување на детето, но оваа цел има смисла само како аспект на поширокиот воспитен процес, кој покрај интелигенцијата и усвојувањето знаења, го опфаќа и развојот на креативноста, развојот на сликата за себе и развојот на личноста во целина. Секогаш на овие ученици:

- ќе им помагаме во нивниот напредок;

- ќе ги поттикнуваме и финансиски подржуваме да учествуваат на разни конкурси, натпревари, манифестации и др.;

- формирање на фонд за талентирани ученици (стипендии, награди) и друг вид на мотивација за напредување со нивниот талент.

## Спорт

Општина Аеродром е можеби најурбаната општина во која недостасуваат содржини кои ќе придонесат за подигнување на нивото на спортот и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. За таа цел градоначалникот на општина Аеродром заедно со советот на општината во својот мандат ќе се заложи за:

- формирање на општински фонд за поддршка на општинските спортски клубови и лиги;

- финансиски надомест за сите спортски работници кои ќе работат со младинските категории;

- организирање средби со поранешни и актуелни спортисти со младите со цел размена на мислења и искуства;

- изградба на затворен базен (јавно - приватно партнерство) покрај кејот на реката Вардар;

- изградба на скејт - паркови и тоа во урбаните единици Ново Лисиче, 13 Ноември, Видое Смилевски - Бато, Вардар, Васко Карангелески, како и на запуштениот простор под железничката станица (во соработка со град Скопје);

- обезбедување на спортски стипендии;

- формирање на општински спортски лиги во одделни спортови;

- формирање на спортски клубови на ниво на урбана заедница;

- формирање на младински школи, за сите спортови, во основните училишта, со кои ќе раководат наставниците по физичко воспитување;

- поставување на кошеви во секое маало, со логото на МЗТ, и спроведување на акцијата под мотото „СПОРТОТ ДО СЕКОГО ".

## Култура

Ќе го градиме, унапредуваме и чуваме своето културно наследство и ќе ја негуваме и афирмираме својата традиција, духовност и различност. Културните, спортските и уметничките активности нудат можност за запознавање и прифаќање на различните вредности, кои дополнително го зајакнуваат и збогатуваат индивидуалниот развој и социјалната инклузија. Ќе ги поддржиме и помогнеме иницијативите за организација на образовни, иновативни, културни, спортски и уметнички активности, со посебен акцент на активностите по кои општината ќе биде препознатлива и ќе овозможат натамошен локален економски развој:

- изградба на културен центар во чии содржини ќе бидат опфатени кино сала, театар за деца и младинци, библиотека, катче за афирмација на детско културно творештво, планетариум, обезбедување на простор за реализирање на содржини од интерес на повозрасната популација;

- уредување на простор за масовни собири и рекреативно дружење;

- административна и финансиска поддршка за промоции на книги, изложби и други активности на научни и културни работници од општината;

- поттикнување на разновидни форми на културно творештво и хуманитарни активности преку манифестации и други организирани средби на улица Тоше Проевски;

- организирање меѓународен митинг на авиомоделари и рекетари, со натпреварувачки карактер, манифестација која ќе прерасне во традиционална а воедно ќе стане и заштитен знак на општината;

- организирање манифестација денови на роботиката, со натпреварувачки карактер, каде што достигнувањата од областа на роботиката ќе ги презентираат здруженија или поединци;

- доделување награда 12 Април, на заслужен/ни граѓани на општината (научници, писатели, професори, спортисти и др);

- поддршка на традиционалните културни манифестации: Бадникарски огнови, Мичуринска средба, Коњанички марш, Успение на пресвета Богородица.

## Здравство и социјална заштита

Унапредувањето и грижата за здравјето на граѓаните, согласно ингеренциите на општината ќе се реализира преку:

- формирање на општински фонд за нега и лекување на социјално загрозени лица;

- формирање фонд за деца со ретки болести;

- континуирана соработка со јавните здравствените установи за организирана превенција од заразни болести и зависности;

- здравствен надзор над животната средина ;

- формирање на Локален совет за превенција;

- ќе се залагаме за организирање на еднаш годишно бесплатни прегледи за граѓаните, како превентивна заштита од болестите кои станаа современи е се почесто ги напаѓаат граѓаните;

- ќе организираме крводарителски акции за граѓаните на општина Аеродром.

- Здрава  млада популација

Без здрава млада популација, нема напредок во државата е добро позната мисла, која градоначалникот на општина Аеродром заедно со советот на општината практично ќе ја ефектуира преку:

- обезбедување свежо овошје за секое дете (еден ден во неделата);

- организирање едукативни сесии со цел подигање на свеста за зачувување на здравјето;

- надзор на заштитата на децата од заразни болести;

- редовна дезинфекција и дератизација на училиштата и градинките;

- Млади

Грижата, т.е. негрижата за младата популација е горлив проблем, кој час поскоро треба да биде надминат. Во врска со тоа градоначалникот на општина Аеродром заедно со советот на општината ќе се залагаат за:

- формирање на локален совет за превенција, со цел поттикнување на активности за правилен развој на младата популација;

- поддршка на младински организации кои нудат проекти и програми за превенција и намалување на зависностите и негативното однесување кај младите;

- иницирање на поквалитетна комуникација помеѓу младинските организации на територијата на општината сè со цел, изработка на младинска стратегија и акционен план, со кои ќе се уредат задачите, местото, улогата на младите во современото живеење, а истата финансиски ќе биде поддржана од локалната самоуправа;

- поттикнување на волонтерската (доброволна) работа на младите, со цел стекнување на практични знаења и вештини.

- поставување на покриени клупи (летниковци), оддалечени од зградите, наменети за дружење на младите во подоцнежните вечерни часови.

- Родова еднаквост

Политиката на родова рамноправност е еден од најважните елементи за општествениот напредок. Еднаквото учество на мажите и жените во процесот на одлучувањето и креирањето на јавното живеење претставува основа во создавањето на квалитетна заедница.

Општина Аеродром ќе ги следи стандардите на ЕУ и ООН во однос на еднаквите можности на жените и мажите и ќе го вгради концептот на еднакви можности во сите локални програми и буџетот на општината. Активностите кои општината ќе ги

поттикнува, ќе имаат за цел намалување на невработеноста кај жената, подобрена социјална сигурност и заштита, усогласување на семејните и професионалните обврски, заштита од дискриминација по пол.

Во таа насока новиот градоначалник и совет на општина Аеродром ќе ги поддржат:

- унапредувањето на институционалниот развој и зајакнување на НВО кои ја третираат оваа проблематика;

- поблиската соработка помеѓу сите организации кои ги актуализираат женските прашања;

- дијалогот и соработката помеѓу жените и мажите кои ќе бидат патоказ во современиот општествен однос на обата пола;

- политиките кои ќе значат активни мерки за вработување на жените;

- претприемачката култура преку развојот на женското претприемништво;

- проектите кои ќе придонесат во ресоцијализацијата на жените и децата кои се жртва на семејното насилство;

- програмите за превенција на раното откривање на малигните заболувања кај жените;

- воведувањето на флексибилно работно време на градинките (втора и трета смена) согласно потребите на вработените родители;

- еднократната парична помош за секое новородено дете во општината;

- програмите кои придонесуваат во подигањето на свеста и значат едукација на жената и младата девојка за сопственото и здравјето на своето потомство;

- едукацијата за потребата од посебна грижа за здравјето на жената во третата доба;

- активностите кои ќе придонесат во менување на стереотипите на машко - женска професија.

- Ранливи категории граѓани

***Третман на лица со посебни потреби***

Општина Аеродром целосно ќе се залага за примена на реформите во методологијата за спроведување на законите за човековите права согласно критериумите на ООН. Посебна ранлива категорија во таа насока претставуваат лицата со посебни потреби. За реализација на зацртаните активности на општината на тоа поле, во општината:

- ќе се постават уреди за сигнализирање на семафорите во општина Аеродром, во кои ќе се вградат и уреди за одбројување на времетраењето на светлосната сигнализација;

- ќе им се овозможи на лицата со инвалидност да си ги остваруват правата на адекватно образование, преку еднакви можности за учење и развој за сите, деца и младинци, како и за возрасните лица;

- ќе им се обезбедат услови за остварување соодветен животен стандард за физички, ментален, духовен, морален и социјален развој;

- ќе се исзградат пристапни рампи за лицата со посебни потреби кон сите јавни објекти во општина Аеродром.

***Грижа за возрасните***

Значаен дел од активностите на општина Аеродром ќе претставува грижата за возрасната популација, пензионерите. Општина Аеродром, во соработка со општинското здружение на пензионерите во таа насока ќе презема низа активности, односно:

- ќе организира форуми на пензионерите, преку кои тие ќе предлагаат и ќе носат одлуки поврзани со нивните активности и квалитет на животот;

- ќе отвори пензионерски клубови на повеќе локации на територијата на општината;

- ќе формира дневни центри и изградба на дом за стари и изнемоштени лица со што ќе се создадат услови тие да бидат во близина на своите најблиски;

- ќе организира волонтерски сервис, кој ќе организира превоз на старите и немоќни лица, снабдување со немирници и лекови, подмирување на режиски трошоци, прошетки и сл.

- Меѓународна соработка

Афирмирање на општината во меѓународни рамки, како и воспоставување соработка со други сродни општини од соседните земји и општини од земјите членки на Европската унија. Ќе се стремиме кон препознатливо презентирање на општина Аеродром во светот и ќе се залагаме за промоција на нашите позитивни вредности на меѓународен план и пренесување на позитивните светски искуства и трендови во земјата. Затоа:

посебно внимание ќе посветиме на развивање на квалитетни и подобни проекти за користење на средства од ИПА фондовите за прекугранична соработка (при изработка на истите, ќе развиваме систем на активно вклучување на граѓаните и стопанствениците во селекцијата и приоритетите на проектите);

- ќе ги негуваме и одржуваме односите со сите општини со кои досега била воспоставена соработка;

- ќе воспоставиме соработка со други општини од соседството и светот;

- ќе воспоставиме соработка со меѓународни организации и институции од областа на економијата, културата, образованието, спортот и други области;

- ќе соработуваме со дипломатските претставници на странските земји и меѓународни невладини организации, како за запознавање со нашите активности, така и за промовирање на општината.

# ,,Моето маало"

## ВАРДАР

ул. Бојмија – повеќе паркинг места и подобро осветлување

***Проблеми кои најмногу се повторуваат:***

нова градинка

отстранување на кучињата скитници и изградба на стационар

реновирање или изградба на нова амбуланта

укинување на зонкосто и бесплатни паркинзи

## Васко Карангелевски

ул. Владимир Комаров – спортско игралиште и детско игралиште, тротоари,

ул. Коста Новаковиќ – повеќе паркинг места

бул. Јане Сандански 5-  тротоари, детско игралиште, паркинг

***Проблеми кои најмногу се повторуваат:***

изградба на пензионерски клубови

градинка

повеќе зеленило

клуб за хендикепирани лица

повеќе паркинг места

## Ново Лисиче

***Проблеми кои најмногу се повторуваат:***

изградба на тротоари

ново основно училиште

пензионерски клубови

поголемо присуство на полицијата на терен

повеќе паркинг места

чистење и уредување на просторот кај автобуската станица на бул.В.С.Бато.

изградба на пазар кој ќе биде покриен и со сопствен паркинг

парк

прибирање на кучињата скитници

идеја од граѓанин: изградба на мали бинис локации по должина на бул. Србија; средување на околниот пат на В.С. Бато

## Населба Лисиче

***Проблеми кои најмногу се повторуваат:***

изградба на пазар

основно училиште

реновирање или изградба на амбулантата

водоводната мрежа

подобро осветлување

спортски игралишта

градинка

шинтерска служба

повеќе градски линии за автобусот со број 7

## В.С. Бато

бул. Јане Сандански бр. 3 - детко игралиште, реконструкција на пешачки и велосипедски патеки

бул. Ј. Сандански бр. 36 – подобро осветлување

бул. Ј. Сандански бр. 4 – да се отвори автобуска линија за 15А во вечерните часови; на влезот на училиштето Љубен Лапе се собира вода кога врне

бул Ј. Сандански бр.50, 52 – детски игралишта

***Проблеми кои најмногу се повторуваат:***

пензионерски клубови

културен центар

паркинг места

градинка

училиште

гимназија

лизгалиште

да се покрие пазарот

детски игралишта

базен

културни манифестации

# АСНОМ

бул. АСНОМ 4 – повеќе паркинг

бул. АСНОМ 20 – повеќе линии за 3-ка (јавен превоз), градинка

бул. АСНОМ 26 – наводнување на тревниците

бул.АСНОМ 12 – автобуска постојка

бул. АСНОМ 34 – поставување на дрвени клупи за седење

бул.АСНОМ 40 – отсранување на старите багреми и место нив садење на нови, детско игралиште

бул. АСНОМ 48 – спортско игралиште, маркет

бул. АСНОМ 74 – центар за згрижување на зависници од дрога

***Проблеми кои најмногу се повторуваат:***

изградба на пазар

потреба од амбуланта

отстранување на кучињата скитници

поголема хигиена

средување на дивите депонии

наводнување на тревниците

поголемо присуство на полицијата

повеќе паркинг места

парк

градинка

основно училште и гимназија

клуб за пензионерите

културен дом

да се планира во Дуп-от простор за маркет или мал трговски

базен

## 13-ти Ноември

бул. Јане Сандански бр. 27 – обезбедување во школите

бул. Јане Сандански бр. 26, 15,17,19 – да се направи пешачки премин кај банките

бул. Јане Сандански бр. 29 – трафики да се постават, волонтери од општината да им помагаат на старите и болни лица

бул. АСНОМ 24 – две смени во градинките, да се среди дворот на Пулевски

бул. Санднански 35 - фонтана за пиење вода, монтажна катна гаража

бул. Сандански 53 – отсранување на такси станиците од паркинзите и нивно лоцирање на посебни места каде нема да сметаат во сообраќајот

бул. Јане Сандански 69 – воведување на автобуска линија кон Драчево

бул. Јане Сандански 109 – покривање на отворените шахти, проширување на Пулевски

бул. Јане Сандански 69 – откупување на подземните гаражи

бул. Јане Сандански 107 – да се среди просторот меѓу рударски и Афродита С

***Проблеми кои најмногу се повторуваат:***

укинување на зонското

дрвени клупи за седење

пешачки кај банките

повеќе паркинг

наводнување на зеленилото

градинка

кино сала

две смени во градинките и повеќе негователки

базен

подобро осветлување на населбата и на кејот

гимназија

пензионерски клубови

# ИДНИНАТА СЕГА!

# ВРЕМЕ Е!

КАКОВ БЕЛЕГ
ЌЕ ОСТАВИМЕ?
ФЕР ИЗБОРИ 2013

СОЈУЗ ЗА
ИДНИНАТА